# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ

## КОНТРОЛЕН ПАНЕЛ PLESK

СОДРЖИНА


1. Што е Plesk? ... 3
2. Како да се логирате на Вашиот Plesk сервер ... 3
3. Преглед на Plesk главен екран ... 4
4. Веб -страници и домени – Web Sites and Domains ... 5
5. Фајлови – Files ... 5
6. Бази на податоци – Databases ... 6
7. Статистики – Statistics ... 6
8. Корисници – Users ... 7
9. Акаунт – Account ... 7

## 1. Што е Plesk?

Plesk е контролен панел за управување со вашата хостинг услуга и е вклучен во Windows хостинг пакетите за хостинг на Телеком. Им овозможува на корисниците да управуваат со сите опции на нивниот хостинг пакет, без потреба од напредни технички вештини. Накратко, самата платформа овозможува:

- Одлична безбедност на веб-страницата и серверот - преку оперативниот систем, мрежата и апликациите, вградени во јадрото на контролниот панел за хостинг на Plesk;
- Централизиран контролен панел за управување со повеќе веб-страници - ажурирања, следење на перформансите и активирање нови корисници од едно место;
- Управување со вашите домени – алатки за креирање поддомени и алијаси за да ги пренасочите посетителите во вистинската насока;
- Управување со фајловите – преглед на дисковниот простор на вашите веб-страници, додека правите уредување и резервни копии на фајлови и папки;
- Управување со бази – MsSQL.

## 2. Како да се логирате на Вашиот Plesk сервер

За да се логирате на Plesk, направете ги следните чекори:

1. Внесете ја дадената адреса во вашиот browser: https://plesk.telekom.mk:8443;
2. Внесете ги вашиот Plesk username во *Username* полето;
3. Внесете ги вашиот *Password* полето;
4. Кликнете *Log in*.



## 3. Преглед на Plesk главниот екран

Plesk главниот екран е местото каде што ќе ги добиете сите важни информации за статусот на вашата веб-страница.




Plesk главниот екран се состои од следниве секции:

1. Кориснички информации – во овој дел се прикажува името на корисникот кој е моментално најавен и вашиот акаунт;
2. Мени за помош – овозможува на корисниците да пристапат кон интернет видео упатства;
3. Секција за пребарување – го содржи полето Search за пребарување;
4. Секција на навигација – го содржи панелот со разни алатките групирани според функцијата:

   - Фајлови (*Files*) – веб-базиран менаџер на фајлови кој им овозможува на корисниците да додаваат содржини на нивната веб-страница, како и управување со веќе постојни фајлови во рамките на нивниот акаунт;
   - Базите на податоци (*Databases*) – креирање и управување со нови/постојни датотеки;
   - Статистика (*Statistics*) – преглед кон информации за користењето на дисковен простор и сообраќај, како и веб-статистики на посетителите на страницата;
   - Корисници (*Users*) – можност за да се додаваат и отстрануваат кориснички сметки кои им овозможуваат на другите корисници да се логираат во Plesk;
   - Сметка (*Account*) – содржи информации за користење на ресурсите за претплата, дозволени хостинг опции и доделени дозволи. Можности да се ажурираат податоци за контакт и други лични информации, како и да направат резервни копии на нивните поставки за претплати и веб-страници;

5. Контролен панел – ги содржи сите контроли релевантни за страната што моментално е отворена и разни алатки кои овозможуваат управување со аспектите на претплатата поврзани со веб-хостинг;
6. Информативен панел – содржи информации на разни контроли и прилози за ресурсите на вашиот акаунт (сообраќај, дисковен простор).

## 4. Веб-страници и домени – Web Sites and Domains

Plesk има сеопфатен сет на алатки за управување со вашите веб страници и домени. Најчесто користените алатки се достапни и тоа: Web Hosting Access - информации за IP адресите поврзани со вашиот акаунти и можност за промена на корисничкото име и лозинката на вашиот системски корисник, FTP Access – пристап преку FTP протоколот, Hosting Settings – информации и поставки за вашиот хостинг пакет и овозможување сигурни трансакции со SSL / TLS протокол, File Manager - креирање, бришење, едитирање на фајлови без потреба од FTP клиент, Web Statistics - статистики на вашата веб страница, Whois Information – информации за провајдерот, SSL/TSL Certificates - за креирање на SSL/TLS клучеви, Logs – логови од вашата веб-страница.




## 5. Фајлови – Files

Plesk е конфигуриран со лесни алатки по принцип „drag and drop" за управување креирање, бришење, едитирање фајлови без потреба од FTP клиент.



# 6. Бази на податоци – Databases

Plesk е конфигуриран со MSSQL како стандард и има голем број функции за управување со бази на податоци.




# 7. Статистики – Statistics

Во Plesk имате солиден сет на алатки за ефикасно следење на метриките на вашите домени: Disc Space за следење на искористување на дискот, Traffic – за едноставен преглед на сообраќајот од вашите домени и дополнителни FTP, Data, Web статистики за визуелни статистики околу прегледите на вашите домени по месеци.



## 8. Корисници – Users

Plesk делот Users овозможува лесна промена на информации поврзани со: корисници и типови на ролји за пристап до вашите домени.




## 9. Акаунт – Account

Во Plesk делот Account имате солиден сет на алатки кои овозможуваат лесен преглед на вашиот хостинг пакет и карактеристиките поврзани со ресурсите кои ги користи: сообраќај, дисковен простор, поддомени, FTP акаунти, дозволи за пристап, како и поставки за бекап на вашиот акаунт и веб-страница.

